Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Арх.бр.12-1139/2
Дата. 18-07-2025

Одговор на претставка со арх.бр.12-1139/1 од 04.03.2025 година од страна на анонимни граѓани од општина Велес во врска со сериозното уништување на јавниот простор во „Младинскиот парк" кадешто се изведуваат нелегални градежни активности, сечење дрвја и копање, а без транспарентни информации за постоење на соодветни дозволи и урбанистички планови.

До Министерството за животна средина и просторно планирање е доставена претставка со арх.бр.12-1139/1 од 04.03.2025 година од страна на анонимни граѓани од општина Велес во врска со сериозното уништување на јавниот простор во „Младинскиот парк" кадешто се изведуваат нелегални градежни активности, сечење дрвја и копање, а без транспарентни информации за постоење на соодветни дозволи и урбанистички планови.
Секторот за правни и општи работи-Одделение за постапување по претставки и предлози ја проследија предметната претставка до општина Велес-Одделение за урбанизам и животна средина со Барање на информација арх.бр.12-1139/2 од 17.03.2025, по основ на кое општина Велес се произнесе во форма на писмен допис со арх. Бр.08-1431/6 од 10.07.2025 година, со следната информација:

- Одделението за заштита на животната средина информира дека бил издаден налог и Решение за редовно одржување на урбаното заленило (кастрење), но не и за сечење на дрвја. Налогот и решението се издадени до давателот на услугите (ЈКП „Дервен"), согласно „Оперетивната програма за одржување на јавното зеленило на територијата на општина Велес за 2025 година", а погореименуваното Одделение нема сознание дека било кое друго физичко или правно лице извршило сечење на дрвја;


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

- Одделението за комунални работи и сообраќај информира дека нема изведување на градежни активности во „Младинскиот парк“ и нема издадено одобрение за проект и
- Доклку подносителот на претставката поседува било каква информација за сторителот да ја достави до Одделението за инспекциски надзор на општина Велес, со цел преземање на соодветни дејствија кон сторителот.

**По овластување на Министер**

**Раководител на Сектор за правни и општи работи**
Билјана Тешева Ѓоргиевска

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

**Изработил:** Виш соработник,
Анета Михајловска


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk